СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ
ШАИП ЈУСУФ

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Средно училиште на Град Скопје
Shkolla e mesme e Qytetit të Shkupit
ШАИП ЈУСУФ / SHAIP JUSUF
Бр./Nr. 08-62/22
31.08 2020год./viti
Скопје / Shkup

# КОДЕКС

## за однесување на наставниците во училиштето при одвивање на настава од далечина и/или со физичко присуство

**Општи одредби**

Определувајќи се за професијата просветен работник , наставникот треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето како и во општеството , за да ги знае своите права и одговорности , да биде флексибилен и да го користи своето професионално знаење и умеење при далечинско учење. Потребно е свесно и одговорно да ги исполнува задачите кои се зацртани во работата на училиштето при далечинското учење . Наставниците и останатите вработени при СУГС ,, ШАИП ЈУСУФ ,,- Скопје во услови на одвивање на настава од далечина се обврзуваат:

- Професионално и одговорно да ја извршуваат својата работа
- Во целост да го спроведуваат воспитно образовниот процес
- Во целост да ги почитуваат и остваруваат целите на наставата
- Да не ги дискриминираат учениците , родителите , колегите и соработниците
- Да ја почитуваат личноста на учениците , родителите и останатите вработени

**Во услови на одвивање на настава од далечина и/или со физичко присуство , наставникот треба:**

- Постојано да се ангажира за поквалитетно и поефикасно планирање и реализирање на наставата од далечина или пак доколку е со физичко присуство да се придржува кон дадените насоки и протоколи
- Да има високо развиена педагошка свест и свест за колективна одговорност и заштита
- Да ги почитува законските одредби и одлуките на органите во училиштето, како и сите други дадени упатства насоки од релевантни органи, институции и од директорот
- Да внимава на корстење на литературен јазик на часот и при комуникација со другите колеги
- Да служи за пример со својот изглед , однесување и да гради култура и естетки навики кај своите ученици
- Да внимава на својот морален лик, неговата навременост, начинот на реализирање на наставата и односот кон целиот воспитно-образовен процес
- Навреме да го започне часот и да не обавува други работи, обврски и дејствија паралелно додека го реализира наставниот час
- Редовно да го евидентира часот како и отсутните ученици
- Добро да го испланира секој наставен час со цел позитивна и опуштена работна атмосфера и ангажирање на сите ученици

- Редовно да ги бележи достигнувањата, да ги следи учениците, насочува и да е достапен за консултации и насоки
- Го учи ученикот како да ги самооценува сопствените постигнувања
- Да го оценува реално знаењето на ученикот и редовно да го информира
- Да се труди да создава услови за непречено реализирање на воспитно-образовниот процес од далечина или пак доколку е со физичко присуство да се придржува кон плановите, протоколите и другите акти и насоки
- Користејќи го своето знаење без себичност да помага при технички проблеми на учениците се со цел непречено одвивање на наставниот час од далечина
- Да ја почитува личноста на секој ученик
- Да ги познава стиловите на учење и да ги оспособува учениците за самостојно учење
- Да има етички и одговорен пристап кон целиот воспитно-образовен процес

**Наставникот се обврзува на целосно почитување на Кодексот, доколку се прекршат одредби од Законот за работни односи, Договорот за работа, Кодексот или други подзаконски акти, следува постапување согласно позитивното право наменето за односите во воспитно-образовната сфера.**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УЧИЛИШЕН ОДБОР

МЕРСИХА МЕМЕДИ

В.Д ДИРЕКТОР

М-Р ДОАН СУЛЕЈМАНОСКИ